**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул. „Александар Македонски“ бр.70А Градско
8943251522
Е-маил: gradsko@gradsko.gov.mkgradsko1@t.mkwww.gradsko.gov.mk

Република Северна Македонија
12-73/10
17. 03. 26 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 50 од Законот на локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.5/22), член 123 став (1) и член 126 став (1) од Законот за животна средина (“Службен весник на Република Македонија” бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22), решавајќи по барањето за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола бр.12-356/1 од 27.08.2025 година на Друштво за транспорт, производство и услуги ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ експорт-импорт Долно Коњари, Петровец, со седиште на улица 1 бр11 Долно Коњари, Петровец, Градоначалникот на Општина Градско донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ИЗДАВА** Б-интегрирана еколошка дозвола за инсталацијата **Друштво за транспорт, производство и услуги ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ експорт-импорт Долно Коњари, Петровец,** со седиште на улица 1 бр11 Долно Коњари, Петровец.
2. **Друштво за транспорт, производство и услуги ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ експорт-импорт Долно Коњари, Петровец,** да постапува во согласност со условите и обврските на оваа дозвола.
3. Б-интегрираната еколошка дозвола ќе се објави во дневен печат, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на издавањето, на сметка на барателот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Друштво за транспорт, производство и услуги ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ експорт-импорт Долно Коњари, Петровец, (понатаму: барателот), до Градоначалникот на Општина Градско поднесе барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола бр.12-356/1 на ден 28.08.2025 година (понатаму: барање).

Барателот врши дејност: Индустрија на минерали- Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини, која согласно член 122 од Законот за животна средина (“Службен весник на Република Македонија” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, 89/22) и Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план (“Службен весник на Репблика Македонија” бр.89/05), задолжително подлежи на добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул. „Александар Македонски" бр.70А Градско
8943251522
Е-маил: gradsko@gradsko.gov.mkgradsko1@t.mkwww.gradsko.gov.mk

Барателот достави дополнување на барањето со склучени договори со број12-356/3 од 18.-09.2025 година.

По разгледување на поднесеното барање, надлежниот орган за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола согласно член 123 став (1) од Законот за животна средина (понатаму: надлежен орган) констатира дека барањето не е комплетно и со известување бр.12-356/ од 03.10.2025 година побара измена и дополнување на барањето.

Барателот бараните информации ги достави со дополнување на барањето со бр.12-356/5 од 14.10.2025 година.

Надлежниот орган по разгледување на дополнетото и изменето барање утврди дека има недостатоци во дополнувањето и со известувње бр. 12-356/6 од 04.11.2025 година од барателот побара да се достават дополнителни информации.

Поради не почитување на дадениот рок надлежниот орган донесе заклучок за одбивање на барањето бр. 12-356/7 од 11.12.2025 година.

Барателот има поднесено жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, од надлежниот орган е побарано да се достават сите барани докази со бр.12-73/1 од 02.02.2026 година.

Надлежниот орган ги достави сите барани документи од Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен со бр.12-73/2 од 06.02.2026 година.

Барателот бараните информации ги достави со дополнување на барањето со бр 12-73/3 од 23.02.2026 година во кое е утврдено дека е целосно комплетно.

Барателот ја повлече жалбата доставена до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен со бр.12.73/4 од 10.03.2026 година.

Барателот на 10.03.2026 поднесе ново барање со бр. 12-73/5 во кое е утврдено дека е целосно комплетно.

По разгледување на поднесеното барање, надлежниот орган за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола изготви пресметка и достави до барателот Налог за плаќање на надоместок при поднесување на барање за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола, со бр.12-73/6, од 13.03.2026година.

Барателот по електронски пат ни достави доказ за извршената уплата на 17.03.2026 година.

Надлежниот орган на 16.03.2026 година изготви Нацрт дозвола со бр.12-73/7.

Надлежниот орган ја достави Нацрт дозволата до барателот на 16.03.2026 година со допис бр. 12-73/8. Надлежниот орган ја објави Нацрт дозволата на веб страната на Општина Градско, со цел консултирање на јавноста. По Нацрт дозволата не се добија никакви забелешки .

**ОПШТИНА ГРАДСКО**
ул. „Александар Македонски" бр.70А Градско
8943251522
Е-маил: gradsko@gradsko.gov.mkgradsko1@t.mkwww.gradsko.gov.mk

Надлежниот орган врз основа на целосното барање, по завршувањето на целокупната постапка и согласно надлежностите кои произлегуваат од член 123 став (1) и член 126 став (1) од Законот за животна средина, утврди дека барателот ги исполнува условите за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

Б-интегрираната еколошка дозвола ќе се објави на веб страната на Општина Градско и во еден дневен весник достапен на целата територија на Република Северна Македонија во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на издавањето, при што објавата во дневниот весник е на трошок на барателот, а согласно член 113 и член 122 став (4) од Законот за животна средина.

Врз основа на горенаведеното надлежниот орган одлучи како во деспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Согласно член 126 став (2) од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18), и ("Службен весник на РСМ" бр.89/22 и 171/22), против ова решение може да се поднесе жалба во писмена форма до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението.

Решено во Општина Градско, Градоначалник на Општина Градско, на 17.03.2026 година, под број ____________.

Општина Градско
Градоначалник
Киро Нацков

Доставено до:

- Архива на Општина Градско
- ЕУРО-ИНТЕР ДООЕЛ експорт-импорт Долно Коњари,Петровец
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Овластен инспектор за животна средина